**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**
**Сектор за правни работи - Одделение за прекршочна постапка**

1.10.00.УП.001.06-ОБ.05.06

Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа на Република Северна Македонија во состав: Златко Кофиловски како претседател и членовите Дејан Атанасовски и Наим Рамети, одлучувајќи во прекршочната постапка во прв степен, по барање за поведување на прекршочна постапка број 28-070352/22-0005 од 03.01.2023 година на Сектор за контрола и истраги, Одделение за оперативни работи, поведена против Гзим Целадини од с. Ѓермо, Тетово, за сторен царински прекршок од член 265 во врска со член 263 став 2 вв став 1 точка 8 од Царинскиот закон, врз основа на член 10-а став 2 од Законот за Царинската управа и член 52, 54 и 55 од Законот за прекршоци, на 16.02.2023 година го донесе следното

РЕШЕНИЕ

Гзим Целадини од село Ѓермо, Тетово, роден на 06.01.1994 година во Тетово, со адреса на живеење село Ѓермоб.б. Тетово, со ЕМБГ 0601994470055, со в.д бр.Х1186104 издаден од МВР Тетово, државјанин на Република Северна Македонија.

СЕ УТВРДУВА ДЕКА Е СТОРИТЕЛ НА ПРЕКРШОКОТ
чл. 265 в.в со чл. 263 став 2 вв став 1 точка 8 од Царинскиот закон

Затоа што:
На ден 26.12.2022 година околу 12:30 часот по барање на МВР, СВР Тетово, ПС за БПС Тетово број 22.2.7.5.2-3835 од 26.12.2022 година, инспектори од Одделението за оперативни работи при ЦУРМ работи со Записник за предавање на одземени предмети број 3836 од 26.12.2022 година од ПС за БПС Тетово во полициската станица преземале возило четвороцикл марка MDL GA011-4 со сериски број L5AELLM47M00169 без регистарски ознаки, кој учествувал во сообраќајна незгода. Според полициските службеници бил управуван од Гзим Целадини, и истиот немал сообраќајна дозвола ниту документи од кои може да се утврди дека за истото се платени царински давачки. По дополнително извршената проверка утврдено е дека лицето не поседува никакви валидни документи за управување на четвороциклот. Пријавениот, го управувал на територијата на Република Северна Македонија без правен основ регулиран престој надвор од царинското подрачје, како и без да поседува соодветна документација со која би го докажал потеклото и сопственоста и без да бидат платени царинските давачки за истиот, а со четвороциклот се однесувал како да е пуштен во слободен промет иако од околностите на случајот знаел или би морал да знае дека не биле спроведени пропишаните формалности за пуштање на истиот во слободен промет и за плаќање на сите давачки, односно не биле исполнети мерките на трговската политика, па постапил спротивно на член 91 од Царинскиот закон. Вредноста на предметниот четвороцикл е проценета со Записник за комисиски прием, премер и проценка на стоки број бр.28-070352/22-0002 од 26.12.2022 година од Одделението за оперативни работи при ЦУРМ, согласно кој вредноста на возило четвороцикл марка MDL GA011-4 со сериски број L5AELLM47M00169 без регистарски ознаки изнесува 33,836.00 денари, а износот на избегнатите увозни давачки изнесуваат

8.086,80 денари. Четвороциклот е предададен во магацинот на царинскиот терминал Тетекс АД во Тетово.

Со гореопишаното дејствие Гзим Целадини од село Ѓермо, Тетово, сторил прекршок по член 265 вв со член 263 став 4 во врска со став 1 точка 8 од Царинскиот закон, поради кое од страна на Комисијата

МУ СЕ ИЗРЕКУВА

1 На Гзим Целадини од село Ѓермо, Тетово, глоба во износ од 100 (сто) евра, односно 6.150,00 денари во денарска противвредност пресметани според среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на изрекување на глобата, како и трошоци на постапката во износ од 250,00 денари, кои сторителот е должен да ги плати во рок од 8 (осум) дена од правосилноста на решението. и тоа:
- глобата да ја плати на образец ПП50 – налог за јавни приходи – со цел на дознака: глоба по решение Прк.бр.0102/23, примач Буџет на РМ, Банка на примач НБ на РМ, на сметка 100-000000063095, уплатна сметка 840-(број на општина)-051-03, приходна шифра 72211900, а
- трошоците да ги плати на образец ПП50 – налог за јавни приходи – со цел на дознака: трошоци по решение Прк.бр.0102/23, примач Буџет на РМ, Банка на примач НБ на РМ, на сметка 100-000000063095, уплатна сметка 840-(број на општина)-06137, приходна шифра 72413200,

и доказите за така извршена уплата (обрасците ПП50) да ги достави во оригинал до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинска управа на Република Северна Македонија, ул.Колекторска 6.б., Скопје, а во спротивно ќе се спроведе постапка за нивна присилна наплата преку надлежната Управа за јавни приходи, согласно член 129 став 2 од Законот за прекршоците и одредбите од Законот за даночна постапка.

2. Согласно член 267 став 1 од Царинскиот закон, Комисијата на пријавениот Гзим Целадини од село Ѓермо, Тетово, му изрече и задолжително предвидена посебна прекршочна мерка одземање на четирицикл марка MDL GA011-4 со сериски број L5AELLM47M00169 без регистарски ознаки.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со барање за поведување на прекршочна постапка број 28-070352/22-0005 од 03.01.2023 година на Сектор за контрола и истраги, Одделение за оперативни работи, до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа на Република Северна Македонија е поведена прекршочна постапка против Гзим Целадини од село Ѓермо, Тетово, за сторен прекршок од член 263 став 2 в.в. став 1 точка8 од Царинскиот закон.

Постапувајќи по истото, Комисијата за одлучување по прекршок согласно член 60 став 3 од Законот за прекршоците, со покана за писмено произнесување број 28-070352/22-0006 од 23.01.2023 година писмено го извести сторителот за поднесеното барање и го поучи да се изјасни за фактите и доказите поднесени во врска со барањето, со напомена дека во

спротивно, Комисијата ќе ја утврди фактичката состојба и ќе одлучи по барањето за поведување на прекршочна постапка, врз основа на приложената писмена документација.

Сторителот уредно ја прими поканата за писмено признесување видно од повратница од пошта Тетово од 27.01.2023 година, но до Комисијата за одлучување по царински прекршок не достави писмено произнесување.

Согласно горенаведеното, Комисијата утврди дека согласно член 52, 54 и 55 од Законот за прекршоци постојат законски услови за спроведување на прекршочната постапка и за донесување на одлука.

Комисијата ја спроведе доказната постапка и изврши увид во: барање за поведување на прекршочна постапка број 28-070352/22-0005 од 03.01.2023 година на Сектор за контрола и истраги, Одделение за оперативни работи, покана за писмено произнесување број 28-070352/22-0006 од 23.01.2023 година, повратница од пошта Тетово од 27.01.2023 година, записник за царински прекршок број 28-070352/22-0001 од 26.12.2022 година, записник за комисиски прием, премер и проценка на стоки број 28-070352/22-0002 од 26.12.2022 година, записник за примопредавање бр 28-070352/22-0003 од 26.12.2022 година, Фотодокументација 28 -070352/22-0004, Известување на МВР, СВР Тетово, ПС за БПС Тетово број 22.2.7.5.2-3835 од 26.12.2022 година, потврда за привремено одземени предмети од ПС за БПС Тетово бр. 514 од 25.12.2022 година, службена белешка од ПС за БПС Тетово број 15187/22 од 25.12.2022 година, записник за предавање на одземени предмети од ПС за БПС Тетово број 3836/22 од 26.12.2022 година, потврда- извештај 10221703 Form.13.20 A, по што ја утврди следната фактичка состојба:

Сторителот Гзим Џеладини од село Ѓермо, Тетово на ден 26.12.2022 година околу 12:30 часот по барање на МВР, СВР Тетово, ПС за БПС Тетово број 22.2.7.5.2-3835 од 26.12.2022 година, инспектори од Одделението за оперативни работи при ЦУРМ работи со Записник за предавање на одземени предмети број 3836 од 26.12.2022 година од ПС за БПС Тетово во полициската станица преземале возило четвороцикл марка MDL GA011-4 со сериски број L5AELLM47M00169 без регистарски ознаки, кој учествувал во сообраќајна незгода. Според полициските службеници бил управуван од Гзим Џеладини, и истиот немал сообраќајна дозвола ниту документи од кои може да се утврди дека за истото се платени царински давачки. По дополнително извршената проверка утврдено е дека лицето не поседува никакви валидни документи за управување на четвороциклот. Пријавениот, го управувал на територијата на Република Северна Македонија без правен основ регулиран престој надвор од царинското подрачје, како и без да поседува соодветна документација со која би го докажал потеклото и сопственоста и без да бидат платени царинските давачки за истиот, а со четвороциклот се однесувал како да е пуштен во слободен промет иако од околностите на случајот знаел или би морал да знае дека не биле спроведени пропишаните формалности за пуштање на истиот во слободен промет и за плаќање на сите давачки, односно не биле исполнети мерките на трговската политика, па постапил спротивно на член 91 од Царинскиот закон. Вредноста на предметниот четвороцикл е проценета со Записник за комисиски прием, премер и проценка на стоки број бр.28-070352/22-0002 од

26.12.2022 година од Одделението за оперативни работи при ЦУРМ, согласно кој вредноста на возило четвороцикл марка MDL GA011-4 со сериски број L5AELLM47M00169 без регистарски ознаки изнесува 33,836.00 денари, а износот на избегнатите увозни давачки изнесуваат 8.086,80 денари. Четвороциклот е предададен во магацинот на царинскиот терминал Тетекс АД во Тетово.

Со гореопишаното дејствие пријавениот Гзим Целадини од село Ѓермо, Тетово, сторил прекршок од член 263 став 2 вв став 1 точка 8 од Царински Закон.

Според член 91 од Царинскиот закон, со пуштање во слободен промет странската стока добива статус на домашна стока. За да се пушти стоката во слободен промет, треба да се применат мерките на трговска политика, да се завршат другите формалности пропишани за увоз на стока и за плаќање на сите давачки пропишани со царински и други прописи.

Согласно член 263 став 2 во врска со став 1 точка 8 од Царинскиот законзакон (Сл. Весник на РСМ бр.110 од 19.05.2021 година), глоба во износ од 15 до 150 евра во денарска противвредност, за прекршок од ставот (1) на овој член, ќе се изрече на одговорно лице во правното лице или на физичко лице, кога износот на избегнатите увозни давачки, други давачки и даноци е до 250 евра во денарска противвредност или кога вредноста на стоката е до 500 евра во денарска противвредност, ако постапува како стоката да била пуштена во слободен промет иако не биле спроведени пропишаните формалности за пуштање на стоката во слободен промет и за плаќање на сите давачки пропишани со овој или други закони или не биле исполнети мерките на трговската политика и сите други прописи во врска со увозот на стоката (член 91).

Согласно член 265 од Царинскиот закон, на правно лице, односно на одговорно лице во правното лице или на физичко лице, кое ќе купи, продаде, распродаде, добие на подарок, прикрива, прими на чување или на превоз, чува, користи или добие во сопственост врз која било основа стока за која знае или според околностите на случајот морал да знае дека со тоа бил направен прекршок од членовите 263 или 264 на овој закон, доколку сторителот извршил некое од дејствијата од членовите 263 или 264 на овој закон, му се изрекува глоба која со членовите 263 или 264 на овој закон се изрекува на сторителот.

Согласно член 267 став 1 од Царинскиот закон стоката која е предмет на прекршок од членот 263 став (1) точки 1), 2), 3), 4), 5), 6), 7), 8), 9), 10), 19) и 20) и членот 265 во врска со членот 263 став (1) точки 1), 2), 3), 4), 5), 6), 7), 8), 9), 10), 19) и 20) на овој закон, се одзема.

Согласно член 374 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, роковите за завршување на постапките за привремен увоз кај возилата се шест месеци во период од дванаесет месеци.

Врз основа на вака утврдената правна и фактичка состојба, која произлегува од приложениот доказен материјал, Комисијата најде дека во дејствието на сторителот се содржани обележјата на прекршокот кој му се става на товар и за сторениот прекршок

треба да му се изрече глоба предвидена во рамки на законот, како и посебна прекршочна мерка одземање на стоката предмет на прекршок.

Врз основа на досега наведеното, Комисијата имајќи ги во предвид одредбите од член 16 на Законот за прекршоците начинот на сторување на прекршокот, степенот на одговорност на сторителот за прекршокот, побудите од кои е сторен прекршокот, како и зачестеноста на овој вид на прекршок , како и износот на избегнатите увозни давачки од 8.086,80 денари како отежнителни околности, а фактот дека на сторителот ова му е прв прекршок, односно дека истиот не е евидентиран во прекршочната евиденција за сторени карински прекршоци како олеснителни околности, Комисијата му изрече глоба од 100 евра и посебна прекршочна мерка одземање на предметниот четвороцикл, која согласно цитираните одредби од Царинскиот закон е задолжителна за изрекување за сторениот прекршок, и смета дека со истите ќе се постигне целта на изрекување на прекршочна санкција.

Согласно член 2 од Правилникот за висината и начинот на определување на реално направените трошоци во прекршочна постапка пред прекршочниот орган, Комисијата го задолжи сторителот и со трошоци во прекршочната постапка во износ од 250,00 денари.

Упатство за правно средство:
Против ова решение незадоволната странка има право на тужба за поведување на управен спор до Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од приемот на решението.
Со оглед да тужбата го одлага извршувањето на глобата примерок од истата да биде доставена до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинска управа на Република Македонија-Царинарница Скопје на ул. Колекторска 66, Скопје, во спротивно ќе се наплати согласно одредбите на Закон за даночна постапка

Претседател на комисија,
Златко Кофиловски

Прк.бр.0102/23
Број 28-070352/22-0009
Скопје, 16.02.2023 година

Доставено во оригинал до:
- сторителот
- архива
-предмет
Доставено преку ЕДМС до:
-подносител

Изработил: Дејан Атанасовски